СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 јули 1996 година

Скопје, јули 1996 година

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Четириесет и седмата седница, одржана на 17 јули 1996 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Како што бевте информирани ни остана уште последната точка од Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Митко Илиевски, Дане Милошевски, Митко Ристевски, Драган Георгиев, Иван Бојков и Зоре Темелковски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точката 9** - Информација за дадените одговори и преземените мерки по поставените пратенички прашања во Собранието на Република Македонија.

Потсетувам, тоа е информација која што е вклучена во дневникот ред на барање на господин Видимче.

Информацијата и Предлогот на заклучокот поднесено од пратеникот Кире Видимче Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на заклучокот молам да крене рака

(10 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Заклучокот не е усвоен.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 47-та седница:на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,05 часот)